


КБ ПРВО ПЕНЗИСКО ДРУШТВО

ИДНИНАТА, ДЕНЕС!

www.kbprvo.com.mk

ЈУЛИ 2024

# МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ

## ЗА ФИНАНСИСКИ ДВИЖЕЊА

Супервизор на капитално финансирано пензиско осигурување е Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (МАПАС)(02) 3224 229, www.mapas.mk

# ГЛАВНИ ДВИЖЕЊА НА СВЕТСКИТЕ ФИНАНСИСКИ ПАЗАРИ НА КАПИТАЛ

И покрај присутните очекувања за намалување на економскиот раст и геополитичките случувања (како атентатот врз Трамп, тензиите на Блискиот Исток и сл.), забележителното намалување на инфлацијата беше главен двигател на пазарите на капитал во текот на месец јули. Глобалниот индекс MSCI ACWI во јули оствари раст од 1,51%. Следено според региони, најголем раст од 1,72% забележа Азија – Пацифик регионот (мерено преку MSCI Asia – Pacific индексот), додека со мал пад месецот го заврши акциите од брзорастечките економии прикажани преку MSCI Emerging Market. Од почетокот на годината, сите региони имаат остварено раст на индексите, при што најголем раст има S&P 500 индексот со принос од 15,78%.




- **Јули**
- **Јан - Јул**

MSCI Asia – Pacific – Индекс кој ги следи движењата на акциите во 13 земји од регионот Азија – Пацифик
MSCI Emerging Market – Индекс кој ги следи движењата на акциите во 25 земји во развој
STOXX 600 – Европски индекс на акции (котираат во 17 европски држави)
S&P 500 – Индекс на акции на 500 американски компании со најголема пазарна капитализација
MSCI ACWI – Светски индекс на акции кој ги следи цените на акциите во 47 држави

*Извор: Блумберг*

ИДНИНАТА, ДЕНЕС!
www.kbprvo.com.mk

# ДВИЖЕЊЕ НА МБИ 10 ИНДЕКСОТ



Македонскиот берзански индекс МБИ 10 и изминатиот месец го заврши со пораст. Растот во текот на јули изнесуваше 10,07%, со што од почетокот на оваа година достигна високи 38,66%. Со најголем месечен раст од акциите кои го сочинуваат индексот е ТТК Банка со пораст од 25,33%, додека мал пад имаше само акцијата на Македонски Телеком. Од почетокот на 2024 година сите акции од индексот имаат значителен раст, најмногу се издвојуваат Комерцијална банка чија вредност се зголеми за 70,65% и Македонијатурист со 53,96%.




*Извор: Блумберг*

# ДВИЖЕЊА НА ПРИНОСИ НА ОБВРЗНИЦИ

Поголем дел од обврзниците во текот на месецот ја зголемија својата вредност и го намалија приносот, пред сè, поттикнати од трендот на намалување на инфлацијата. Исклучок беа јапонските обврзници пред сè, заради зголемувањето на референтните каматни стапки од страна на централната банка на Јапонија. На крајот од месецот, највисок принос од анализираните обврзници има македонската обврзница кој изнесува 5,45%, додека најмала стапка на принос има јапонската обврзница, кој изнесува 1,06%.

**Движење на стапки на принос на десетгодишни државни обврзници**
*** Приносот се однесува на еврообврзница со датум на доспевање 03/10/2028.**




*Извор: Блумберг*



Супервизор на капитално финансирано пензиско осигурување е Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (МАПАС)(02) 3224 229, www.mapas.mk

# ДВИЖЕЊА НА ДЕВИЗНИТЕ ПАЗАРИ



На девизниот пазар, јапонскиот јен (JPY) како резултат на порестриктивната монетарна политика во последниот месец, забележа зголемување на вредноста во однос на еврото за 6,14% во текот на месецот. Од друга страна, значителен пад во текот на месец јули оствари ја австралискиот долар (AUD), американскиот долар (USD) и руската рубља (RUB).

Сепак, од почетокот на годината најголем пораст во однос на еврото бележат руската рубља (RUB) и британската фунта (GBP) со 5,88% и 2,95%, соодветно, додека најголем пад оствари јапонскиот јен (JPY) чија вредност од почетокот на 2024 година е пониска за 4,13%.

**Движење на светските валути во однос на еврото (EUR)**




Јули

Јан - Јул

*Извор: Блумберг*

Лектор: Каролина Накова

**ИДНИНАТА, ДЕНЕС!**
www.kbprvo.com.mk